HALKBANK

Одлична можност да се приклучите кон  реномирана финансиска институција и да станете дел од професионалниот тим за внатрешна ревизија, кој преку своите независни, објективни, консултантски активности додава вредност во унапредувањето на банкарските операции и ги поддржува активностите на Управниот одбор, Надзорниот одбор и Одборот за ревизија на банката.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на нововработени лица  на следните работни позиции во Дирекцијата за внатрешна ревизија:

**Постар ревизор / Ревизор**
**Референца бр. 009/2026**

**Главни работни задачи за работно место Постар Ревизор /Ревизор:**

- Учествува во спроведување на активностите на Дирекцијата за внатрешна ревизија применувајќи ги интерната и законската регулатива како и меѓународните стандарди за внатрешна ревизија (IIA Global).
- спроведување на ревизорските ангажмани/ проверка, врз основа на определени ревизорски програми
- изработка на детални работни документи за  поддршка на ревизорските активности и извештаи за спроведените ревизорски активности;
- изработка и комплетирање на ревизорски тестови со делумен надзор;
- учествува во следење на препораките за идентификуваните слабости и неусогласености од спроведените ревизии и ги информира надредените ревизори/ Директорот на ДВР;
- суштинска проверка на документација, изработка  на описи и тестови на контроли со цел финансиските извештаи да обезбедат усогласеност со регулативата, како и за откривање на потенцијални проблеми и квалификување на наодите
- Организирање и активно учествување во ревизорскиот тим за поединечен ангажман
- Проверка на спроведените ревизорски процедури на помалку искусни членови на тимот
- учествува во ревидирање на интерната регулатива на Дирекцијата под надзор на Директорот на ДВР;
- учествува во процесот на самопроцена на активноста на ДВР која е резултат на Програмата за проценување и подобрување на квалитетот на внатрешна ревизија под надзор на Директорот на ДВР;
- асистирање на Директорот на ДВР во процесот на подготовка на потребните материјали за изработка на стратегискиот и годишниот план на ДВР, акко и периодичните извештаи за активностите на ДВР.
- Презентирање на наодите и препораките на засегнатите ревидирани страни и постојана комуникација со цел обезбедување н апотребни информации и документи за спроведување на ревизијата

**Потребни квалификации и најзначајни карактеристики за работното место Постар ревизор/Ревизор:**

- Познавање на: Деловните банкарски технологии и процеси, закони и прописи во врска со сметководство / финансии / банкарството, операции, усогласеност со прописи и други релевантни ризици во банкарското работење.
- Течно зборување на македонски и англиски јазик; познавање на други јазици ќе се смета за предност.
- Минимум тригодишно работно искуство во банкарскиот сектор или како внатрешен/надворешен ревизор или слично работно место со работно искуство стекнато во сметководствени / финансиски / друштва за ревизија или други релевантни институции.
- Да работи со самостојно или со делумен надзор
- Да поседува љубопитност, само-мотивираност и да има желба да развие способност да ги идентификува проблемите и убедливо да ги прикажува наодите и препораките, преку писмени извештаи, усни презентации и лични дискусии;
- Професионална вештина, интегритет и тактичност во односите со другите;
- Чувство за професионална доверливост и дискретност и тимска работа со фокус кон решавање на проблеми и ориентираност кон детали;
- да биде објективен, искрен и чесен;
- Одлични комуникациски способности во усна и писмена форма со останатите ревизори и ревидираните страни
- Упорност, храброст и трпение во спроведувањето на ревизорските процедури и презентирање на идентификуваните слабости

**Бенефити:**

- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Продуктивно работно опкружување;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Внатрешните ревизори во нашата Банка имаат можност за напредување на повисоки и раководни позиции по стекнување со одредено ниво на искуство и зголемени знаења.

Halk Bank AD - Skopje нуди атрактивни компензациски пакети и можности за континуиран професионален развој кој ја рефлектира нејзината улога како водечка финансиска институција.

Предност ќе имаат кандидати кои поседуваат, се во процес на обезбедување или пак се способни во иднина да обезбедат меѓународен сертификат за внатрешен ревизор (CIA), лиценца за овластен ревизор, меѓународен сертификат за сметководство (ACCA) и сл.

Доколку сте заинтересирани за позицијата, ве охрабруваме да аплицирате најдоцна до **25.05.2026** година на следниов е-маил: **career@halkbank.mk** со назнака: **Референца Бр. 009/2026 – Постар ревизор / Ревизор во Дирекција за внатрешна ревизија.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Доколку сакате да ја повлечете согласноста за чување и обработка на Вашите лични податоци за цели на идни нови вработувања во Банката, истото можете да го направите во секое време на следниот е-маил: career@halkbank.mk.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.